<u>Образец бр. 2</u>

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

Состојбата во практиката укажува дека неплаќањето на обврските и ненавременото плаќање на обврските меѓу стопанските субјекти се вбројуваат во главните проблеми со кои се соочува македонскиот бизнис сектор и воедно претставуваат основни причини за појава на недостиг на ликвидност.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Целта на донесувањето на Законот за задолжница е надминување на востановениот проблем од практиката поврзан со неплаќањето на обврските и ненавременото плаќање на обврските меѓу субјектите.

Во таа насока, со овој закон се воведува задолжница како нов инструмент за обезбедување на плаќањата. Со задолжницата ќе се овозможи ефикасна заштита на доверителите од ризикот од неплаќање, брза наплата на побарувањата и намалување на долгот меѓу домашните субјекти.

Дополнително, се оценува дека ваквата мерка ќе придонесе за јакнење на соработката меѓу домашните субјекти што во крајна линија ќе води кон засилување на вкупната економска активност во земјава.

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

Опција 1: Не прави ништо. Опцијата "не прави ништо" се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline).

Опција 2: Донесување на Закон за задолжница

## Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

**Предложено решение (опција): Опција 1**

Не прави ништо: <u>Опцијата "не прави ништо</u>"

Опис: Доколку не се донесе законот ќе продолжи да егзистира проблемот поврзан со неплаќањето на обврските и ненавременото плаќање на обврските меѓу

стопанските субјекти, што се вбројува во главните проблеми со кои се соочува македонскиот бизнис сектор и воедно претставува основна причина за појава на недостиг на ликвидност.

**1. Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Не

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Не

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

Не

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Не

-Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Не

**2. Придобивки**

Нема

**3. Ризици и претпоставки**

Доколку Владата на Република Македонија одлучи да не предложи донесување на Закон за задолжница, ќе продолжи да постои проблемот поврзан со неплаќањето на обврските и ненавременото плаќање на обврските меѓу стопанските субјекти, што се вбројува во главните проблеми со кои се соочува македонскиот бизнис сектор и воедно претставува основна причина за појава на недостиг на ликвидност.

**4. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Предложено решение (опција): Опција 2**

**Донесување на Законот за задолжница**

**Опис:** Со донесувањето на овој закон се воведува задолжница како нов инструмент за обезбедување на наплата. Целта на донесувањето на Законот за задолжница е надминување на востановениот проблем од практиката поврзан со неплаќањето на обврските и ненавременото плаќање на обврските меѓу стопанските субјекти.

Законското решение предвидува уредување на задолжницата како исправа, потврдена на нотар, со која должникот изјавува дека се согласува да се изврши присилна наплата од сите негови денарски и девизни сметки во банките, заради наплата на побарување на одреден доверител. Задолжницата се издава во еден примерок, и му се предава на доверителот.

Централниот регистар на Република Македонија води Регистар на задолжници во електронска форма. На датумот на доспевање на задолжницата, доколку не е платено побарувањето, доверителот поднесува барање за наплата на побарувањето од задолжницата кај банката на должникот, која е должна да ги префрлат средствата од сметките на должникот на сметката на доверителот. Централниот регистар ја брише задолжницата од Регистарот на задолжници по целосно наплата на побарувањето.

Дополнително, доверителот може да ја повлече задолжницата, при што добива карактер на извршна исправа. Доверителот при тоа може да бара извршување против должникот и на други предмети за извршување.

Со тоа, во случај на неплаќање, на брз и ефикасен начин ќе се намири побарувањето, без притоа да се води судска постапка, ќе се повлечат потребните средства од банкарските сметки на должникот и истите ќе се пренесат на сметката на доверителот.

**1. Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Не

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Не.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

Не

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица?

Не.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Да. Должникот ќе треба да плати за солемнизација на задолжницата на нотар, регистрација на задолжницата во Централниот регистар, трошоци за присилна наплата.

**2. Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Кај правните лица се очекува зголемување на наплатата на побарувањата и зголемување на ликвидноста.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Зајакнување на соработката и економската активност во земјата

**3. Ризици и претпоставки**

Од донесувањето на Законот за задолжница не се очекуваат ризици.

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Извршени се консултации со Министерството за правда, Министерството за економија, Сојузот на стопанските комори, приватни субјекти, Централниот регистар на Република Македонија, Клириншка куќа КИБС АД Скопје.

**Резиме на иницијалната**

**проценка на влијание на регулативата**

**1. Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Согласно направената анализа, Министерството за финансии како преферирано решение ја прифати втората опција. Имено, со предложениот текст на Законот за задолжница придобивки остваруваат сите засегнати страни.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Ленче Тагасовска и Виолета Стојановска Петревска

3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:

**Изјава од Министерот**

**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Нема** влијание | врз Буџетот на Република Македонија |
| 2. | **Нема** влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија |
| 3. | **Нема** влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар |
| 4. | **Нема** влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош |
| 5. | **Нема** влијание | врз животната средина |
| 6. | **Нема** влијание | врз социјалната положба на граѓаните |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Датум на објавување: /<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации | НЕ<br><br>**Министерство за правда, Централен регистар, КИБС, Стопански комори** |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран | ДА |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, **м-р Зоран Ставрески**, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................ Датум: ......................... .2012 година

Изготвил: Јане Севдински
Контролирала: Ленче Тагасовска
Одобрила: Виолета Стојановска Петровска
Согласна: Наташа Стојмановска